GRAD SKOPJE

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител/Пом. Раководител на Сектор за јавни дејности**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за јавни дејности**

ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2025 година

Скопје, март 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа, (Службен Весник на Република Македонија број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), а во врска со член 7 став 3 од Законот за културата (Сужбен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61,15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 265/24) Советот на Град Скопје на __- та седница, оддржана на __.__.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изменување на Програмата за финансирање
на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2025 година

Член 1

Во Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/24), во глава **III. ФИНАНСИРАЊЕ**, во првиот пасус бројот „280.852.000“ се заменува со бројот „284.685.000“

Во делот Б) бројот „213.681.000“ се заменува со бројот „217.514.000“, а во Точка 1 бројот „200.428.000“, се заменува со бројот „200.578.000“ и бројот „75.273.000“ се заменува со бројот „75.423.000“

Во Точка 2 бројот „13.253.000“ се заменува со бројот „16.936.000“, а табелата се менува и гласи:

| ИМЕ НА УСТАНОВА | ПРОГРАМА | СТАВКА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| ЈУ Библиотека „Браќа Миладиновци“ | К1 | 421 | 3.543.000 |
| ЈУ Младински културен центар | К2 | 421 | 3.050.000 |
| ЈУ Културно информативен центар | К2 | 421 | 1.115.000 |
| ЈУ Универзална сала Скопје | К2 | 421 | 463.000 |
| ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ | К2 | 421 | 1.000.000 |
| ЈУ ДКЦ „Карпош“ | К2 | 421 | 1.248.000 |
| ЈУ Музеј на град Скопје | К3 | 421 | 1.711.000 |
| ЈУ Зоолошка Градина | К3 | 421 | 3.500.000 |
| ЈУ Зоолошка Градина | К3 | 423 | 1.306.000 |
| **СЕ ВКУПНО** | | | **16.936.000** |

Член 2

Оваа Програма, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Совет на Град Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

Број 27-___
__________2025 година

Скопје

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на оваа Програма е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на РС Македонија“ бр. 202/24), со кој е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, член 7 став 3 од Законот за културата (Сужбен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61,15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24) според кој локалниот интерес во културата се финансира согласно со програмата за култура што ја донесува Советот на Град Скопје, како и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), согласно кој една од надлежностите на Градот е културата.

Предложената измена на Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2025 година, се однесува во точка III. ФИНАНСИРАЊЕ, и тоа:

**Во дел Б)** Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на Град Скопје, се предлага износот од 213.681.000 денари да се смени и да гласи **217.514.000 денари.**

**Се предлага Точка 1 да гласи:**

Платите, придонесите, трансферите за пензионирање и парична помош, средства за К-15 на вработените во установите за 2025 година – **200.578.000 денари.** Програма К1-библиотечна дејност - 55.553.000 денари, Програма К2 - музичко сценска и ликовна дејност - 75.423.000 денари и Програма К3 - музејска дејност - 69.602.000 денари.

Оваа измена се предлага заради појавениот вишок на средства од блок дотацијата за 2024 година, во висина од 3.833.000 денари, кои се префрлаат во 2025 година.

Од вкупните средства во висина од 3.833.000 денари, се предлага, за подмирување на тековни трошоци на 8-те установи од областа на културата и тоа по програмите К1, К2, и К3 да се распределат средства во висина од 2.377.000 денари, за набавка на храна за животните во ЈУ Зоолошка градина, да се распределат 1.306.000 денари и останатите 150.000 денари да се распределат за ЈУ Културно информативен центар за надоместоци и за трансфери за пензионирање и парична помош.

**Се предлага Точка 2 да гласи:**

Тековно - оперативните расходи на установите - **16.936.000 денари**

Оваа измена се предлага заради појавениот вишок на средства од блок дотацијата за 2024 година, во висина од 3.683.000 денари кои се префрлаат во 2025 година, од кои за подмирување на тековно оперативни трошоци на 8-те јавни установи се распределуваат 2.377.000 денари, на ставка 421 и 1.306.000 денари на ставка 423 – материјали и ситен инвентар.

Согласно горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје за да ја донесе предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на јавните установи и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2025 година.